**20232033554**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 септември 2023 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНИТЕ ДАВАЧКИ ЗА УВОЗ НА АГРУМИ, СВЕЖИ ИЛИ СУШЕНИ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозните давачки - царинските стапки и посебните давачки при увоз на агруми, свежи или сушени и тоа:

| Број на квота | Тарифна ознака | Наименување | Количина (во kg) |
|---|---|---|---|
| 097303 | 0805 | Агруми, свежи или сушени: | 2.000.000 |
| | 0805 10 | - Портокали: | |
| | | - Мандарини (вклучувајќи тангерини и сатсуми); клементина, вилкинг и слични хибриди на агруми: | |
| | 0805 21 | -- Мандарини (вклучувајќи тангерини и сатсуми): | |
| | 0805 22 00 00 | -- Клементини | |
| | 0805 29 00 00 | -- Друго | |
| | 0805 40 00 00 | - Грејпфрут и помело | |
| | 0805 50 | - Лимони (*Citrus limon, Citrus limonum*) и лимета (*Citrus aurantifolia, Citrus latifolia*): | |

Член 2

Количината на стоките наведена во членот 1 од оваа одлука ќе се распределува на регистрираните увозници на овошје по принципот „прв дојден прв услужен“.

Член 3

Стоките од членот 1 од оваа одлука ќе се увезуваат, заклучно со 31 декември 2023 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9817/4
28 септември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.